Република Македонија
МИНИСТЕРСТВО ЗА ТРУД И
СОЦИЈАЛНА ПОЛИТИКА
Број 16- 5075/2
22.05.2015 година
С к о п ј е

Инспекторите од Секторот за инспекциски надзор во социјалната заштита при Министерството за труд и социјална политика врз основа на член 235 од Законот за социјалната заштита (,,Службен весник на Република Македонија,, бр.79/2009, 36/2011, 51/2011, 166/2012, 15/2013, 79/2013, 164/2013, 187/2013, 38/2014, 44/2014, 116/2014, 180/2014 и 33/2015), донесоа

**З А К Л У Ч О К**

Се запира постапката за вршење на вонреден инспекциски надзор во ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа Свети Николе.

**О б р а з л о ж е н и е**

Инспекторите од Секторот за инспекциски надзор во социјалната заштита при Министерството за труд и социјална политика извршија вонреден инспекциски надзор во ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа Свети Николе на ден 19.05.2015 година.

Инспекцискиот надзор е извршен над применувањето и спроведувањето на Законот за социјалната заштита (,,Службен весник на Република Македонија,, број 79/2009, 36/2011, 51/2011, 166/2012, 15/2013, 79/2013, 164/2013, 187/2013,38/2014, 44/2014, 116/2014, 180/2014 и 33/2015), Законот за семејството („Службен весник на Република Македонија" број 80/92, 09/96, 38/2004, 33/2006, 84/2008, 67/2010, 156/2010, 39/2012, 44/2012, 38/2014 и 115/2014), подзаконските, поединечните и другите акти донесени врз нивна основа, во предметите на корисниците на правото на паричен надоместок за помош и нега од друго лице, правото на социјална парична помош и правото на сместување во установа за социјална заштита

При инспекцискиот надзор не се констатирани недостатоци и неправилности во поглед на остварувањето и користењето на правото на паричен надоместок за помош и нега од друго лице, правото на социјална парична помош и правото на сместување во установа за социјална заштита, за што е составен записник број 16- 5075/1 од 22.05.2015 година.

Со оглед на горе наведеното, согласно член 41 од Законот за инспекциски надзор (,,Службен весник на Република Македонија,, број 50/2010, 162/2010, 157/2011, 147/2013, 41/2014 и 33/2015), се донесе заклучок како во диспозитивот.

Жалбата не го задржува извршувањето на заклучокот согласно член 244 став 2 од Законот за социјалната заштита.

Заклучокот е донесен во Секторот за инспекциски надзор во социјалната заштита при Министерството за труд и социјална политика на ден 22.05.2015 година под број 16- 5075/2.

**Упатство за правно средство**: против овој заклучок може да се изјави жалба до Државната комисија за одлучување во втор степен од областа на инспекцискиот надзор и прекршочната постапка во рок од 8 дена од денот на приемот на заклучокот преку Секторот за инспекциски надзор во социјалната заштита при Министерството за труд и социјална политика.

.

**Инспектори за социјална заштита:**
Генерален инспектор, Владо Аврамовски
Инспектор, Соња Налбанти- Димоска